**20200490880**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 45 став (8) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОТИЗАЦИЈА И ПАТ ЗА УЧЕСТВО НА ЕДЕН МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИКАТА, ИНФОРМАТИКАТА И ПРИРОДНИТЕ НАУКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки.

Член 2

Образецот на барањето од член 1 од овој правилник, се печати на хартија со бела боја во А4 формат и е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-2731/1
14 февруари 2020 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
д-р **Арбер Адеми**, с.р.

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

| | |
|---|---|
| ПРИМЕНО | .20___ година |
| Здружение | ______________________________ |
| Место | ______________________________ |
| Архивски број | ____________________ |

# БАРАЊЕ
## ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОТИЗАЦИЈА И ПАТ ЗА УЧЕСТВО НА ЕДЕН МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИКАТА, ИНФОРМАТИКАТА И ПРИРОДНИТЕ НАУКИ

Од ____________________________________________ од ____________________, контакт
(целосен назив на акредитираното здружение на наставници) (место)

телефон __________________________, е - адреса_____________________________________

ул. ____________________________________________ бр. ___________ број на жиро сметка

________________________________ депонент на ______________________________ банка.

Согласно „Јавниот повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки“ доставувам:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Решение за акредитација на здружението за организирање на натпревари на општинско, регионално и државно ниво | ДА НЕ |
| 2 | Известување за извршен избор на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите | ДА НЕ |
| 3 | Известување за ментори на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите | ДА НЕ |
| 4 | Известување од организаторот на меѓународен натпревар за висината на котизацијата за учество на натпреварот | ДА НЕ |
| 5 | Пресметка за висината на патните трошоци | ДА НЕ |
| 6 | Доказ (потврда, покана, електронски сајт и др.) за правилата на организаторите на меѓународниот натпревар каде се наведени правилата за учество на меѓународниот натпревар меѓу кои и податокот за бројот на учесници на секоја делегација | ДА НЕ |

Подносител на барањето

_________________